**20141745439**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/13), член 7 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13 и 106/13), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13 и 151/14), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13 и 188/13) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10 и 23/13), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.11.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2014 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/14 и 19/14) во делот I став 1 табелата се менува и гласи:

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.057.580.260,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 100.000,00 |
| | Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 100.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 100.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 100.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 10.000.000,00 |
| 7. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000,00 |
| 8. | Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години | 4.177.000.000,00 |
| | Вкупно | 6.259.980.260,00 |

Во делот II износот „1.800.000.000,00“ се заменува со износот „2.057.580.260,00“.
Во делот III износот „100.000.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.
Во делот IV износот „10.000.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.
Во делот VI износот „10.000.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.
Во делот IX износот „4.312.980.260,00“ се заменува со износот „4.177.000.000,00“.

II

Во делот III во табелата во подмерката 2.6. бројот „2.4.“ се заменува со бројот „2.5.“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-9614/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.